Здружение на граѓани за помош на бездомници и социјално загрозени семејства и поединци ЉУБЕЗНОСТ
Бр. 0305-16/2021
29.01.2021 год.
СКОПЈЕ

5

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: Е pranuar: | 01 02 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlerë |
| 19- | 16/1 | / | / |

Врска 24-27/1-21

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение на граѓани за помош на бездомници и социјално загрозени семејства и поединци ЉУБЕЗНОСТ - Скопје**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

Акција за помош и поддршка на бездомните и социјално загрозените граѓани во услови на криза со пандемијата на КОВИД 19

(Име на проектот)

Скопје, 29.01.2021 година

| **1. Општи информации за проектот и корисникот** |
|---|

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-27/1 од 19.06.2020 година |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение на граѓани за помош на бездомници и социјално загрозени семејства и поединци ЉУБЕЗНОСТ - Скопје |
| Наслов на проектот | Акција за помош и поддршка на бездомните и социјално загрозените граѓани во услови на криза со пандемијата на КОВИД 19 |
| Период на спроведување на проектот | Од 01.07.2020 до 31.12.2020 година. |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Тони Станковски |
| Проектен менаџер | Тони Станковски |
| Телефон и е-пошта за контакт | 078 263 792 vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com |
| Цел на проектот | Да им се даде помош и поддршка на бездомниците и на социјално загрозените семејства и поединци во справувањето со кризата предизвикана од пандемијата на КОВИД 19 |
| Целна група | Бездомници и социјално загрозени лица |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Целно подрачје е целата територија на РСМ. Активностите беа спроведени на територијата на Скопскиот, Североисточниот, Вардарскиот и Југоисточниот регион. |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 777.492 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 777.492 ден. |

**2. Резиме** - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

**Во последните шест месеци ЗГ Љубезност го спроведуваше проектот „Акција за помош и поддршка на бездомните и социјално загрозените граѓани во услови на криза со пандемијата од КОВИД-19“. Во рамките на проектот беа реализирани следните активности:**

1. **Обезбедување хуманитарна помош на бездомници и на социјално загрозени семејства. За потребите на целната група обезбедивме донации во храна, средства за хигиена, лекови, облека, постелнина, мебел и апарати за домаќинство. Еден дел од овие донации ги набавивме од буџетот на проектот, друг дел претходно ги имавме на залиха, а трет дел ги добивме како материјални донации или ги купивме со парични донации добиени од разни други извори.**
   **Добиените и набавените материјални донации постепено ги транспортираме до магацинот на нашето здружение каде тие се сортираат, класифицираат и препакуваат во кеси или пакети и на таков начин се подготвуваат за донирање на нашите крајни корисници.**
   **Подготвените донации се предаваат на нашиот тим за достава, составен од возач, социјални работници и соработници за транспорт, кои се бездомни лица – peer workers. Тие со товарно возило во оптимизирани тури ги делат донациите на нашите крајни корисници.**
   **Нашиот тим за достава при посетите на нашите крајни корисници претходно ги детектира и ги запишува индивидуалните потреби на секое семејство или поединец и при наредните посети ним им се носат донации соодветни на нивните потреби.**

За времето на траење на проектот на 692 бездомни и социјално загрозени семејства и на 100 поединци им дониравме 5372,9 килограми храна, 608,4 килограми средства за хигиена, лекови во вредност од 30757 денари, 1590,7 килограми облека, 131,1 килограми постелнина, 32 парчиња мебел и 8 апарати за домаќинство. Дополнително, им плативме сметки за електрична енергија во вкупен износ од 559.121 денар на 76 социјално загрозени лица, дониравме 23 компјутери и 110 училишни прибори на деца кои живеат во сиромаштија за да можат непречено да следат онлајн настава и дониравме 501 новогодишно пакетче на крајот на декември.

2. Ресоцијализација и реинтеграција. При посетите на социјално загрозените семејства во нашиот мобилен тим секогаш има и социјален работник кој им помага на членовите на семејствата, разговара со нив, прави детална социјална анамнеза на семејствата, дава психосоцијална поддршка, посредува при добивање документи, посредува при вработување и обезбедување права од социјални трансфери, помага при обезбедување медицинска помош и помош на жртви на семејно насилство на оние на кои им се потребни и одржува постојан контакт со семејствата. Во периодот од 01.07 до 31.12.2020 година посетивме 792 семејства и изработивме социјални анамнези на 159 семејства со 676 лица.

   За ЗГ Љубезност е многу важно нашите крајни корисници економски да се активираат и да станат самоодржливи, а не трајно да се потпираат на поддршката од институции и здруженија од областа на социјалната заштита. Единствен начин тие да излезат од кругот на сиромаштијата е со трајно вработување кое ќе им обезбеди постојан извор на приходи за достоинствен живот. Во периодот за известување посредувавме при вработување на 45 наши крајни корисници на кои им изработивме 25 работни биографии и 2 мотивациски писма. Шестмина од нив успеаја да се вработат.

   Според планираното, набавивме и им донираве 680 пакувања со семиња од градинарски зеленчук и зачински билки и 227 садници на ранливите категории граѓани кои не можат да си дозволат да ги купат истите а имаат земјоделско земјиште, со кои тие би се вклучиле во самостојно производство на храна. На овие наши крајни корисници, но и на бездомници им донираве и 1100 заштитни маски и 1000 пара заштитни ракавици.

3. Вдомување и обезбедување основни услови за живот на најзагрозените. Поголемиот дел од социјално загрозените семејства живеат во руинирани домови каде немаат основни услови за живот. Ние сме во комуникација со поединци и претпријатија за да им помогнеме на овие луѓе во реновирањето на нивните домови или во изградбата на нови. За времето на траење на овој проект успеавме да реновираме четири домови на крајни корисници, да отпочнеме со изградба на нов дом на едно семејство и обезбедиме учество во износ од 90.000 денари за изградба на домови на две други семејства.

   Во периодот на спроведување на проектот посредувавме за вдомување на неколку бездомни лица во станбени објекти под закуп при што закупнината беше платена од буџетот на проектот и од други донатори. Успеавме да најдеме економичен станбен простор со ниски закупнини и поволни услови за живеење за осум бездомни семејства и самци со вкупно 20 члена, за нив беа склучени договори за закуп со гаранција дека ЗГ Љубезност ќе ја плаќа закупнината и тие се вселија во станбените простории. Потоа нашите социјални работници редовно ги посетуваа вдомените бездомници и вршеа мониторинг на нивното домување со цел тие да стекнат соодветни хигиенски, станбени и домаќински навики и да го променат начинот на живот на подобро.

4. Во групата на комуникациски и информативни активности во периодот за известување се фокусиравме на објави на социјални медиуми (во најголема мера на Фејсбук, а во помала мера и на Твитер и Инстаграм). Имаше и неколку објави и интервјуа на телевизија, веб портали и печатени медиуми. Информативните летоци и рол банерот беа дизајнирани и отпечатени и соодветно употребени за информирање за опасноста од КОВИД-19 и за промоција на проектните активности.

   Преку директни контакти со нашите социјални работници и волонтери за мерките и препораките за заштита од Ковид 19 информиравме 750 бездомници и 250 социјално загрозени семејства. Напишавме и десетина објави на нашата Фејсбук страна во кои се наведени мерките за заштита од ширењето на КОВИД 19 со максимален опфат од 1746 лица.

**Поделивме 1000 информативни летоци за мерките и препораките за заштита од Ковид 19. Во разни медиуми се објавени 7 статии за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат бездомните и социјално загрозените лица и начините на кое нашето здружение се обидува да ги реши. Дополнително, ние на Фејсбук, Инстаграм и Твитер имавме преку 70 објави на оваа тема. Објави за работата на Љубезност имаше и на Фејсбук страните на Претседателот на Републиката, на Општината Гази Баба и на неколку претпријатија. На Фејсбук страната на нашето здружение се објавени 84 статии поврзани со овој проект со максимален опфат од 41.222 посетители. Спонзориравме 12 објави на социјалните медиуми за видливост на нашите активности.**

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Активност 1.1 Набавка и обезбедување на хуманитарна помош | Дел од храната, средствата за хигиена и лековите ги набавивме со средства од буџетот на проектот, а друг дел ги добивме како донации од претпријатија, организации и граѓани. Што се однесува до другите видови материјални донации во облека, обувки, постелнина, мебел и апарати за домаќинство, дел од нив ги имавме обезбедено на залиха пред отпочнувањето на проектот, а дополнителни количини материјални донации собираме тековно од домовите на семејствата кои изразуваат желба да донираат за бездомниците и лицата кои живеат во сиромаштија. Во октомври успешно организиравме осум собирни пунктови на кои собиравме храна и средства за хигиена. Еден сегмент од оваа активност - собирањето донации од домаќинствата го работиме со намален интензитет со оглед на ситуацијата со пандемијата од КОВИД-19 поради намалување на директните контакти, почитување на правото на избор на донаторите за сопствена заштита на здравјето, како и да го заштитиме здравјето на волонтерите кои што ги селектираат и класифицираат примените донации. Меѓутоа, покривањето на основните потреби на граѓаните не изостана, затоа што им носевме донации од претходни залихи добиени до март | од 01.07 до 31.12.2020 година | Во текот на периодот за известување од буџетот на проектот се набавени 1619,685 килограми храна за кои се потрошени 65.854 денари и 501,27 килограми средства за хигиена за кои се потрошени 20.213 денари. Набавени се и лекови во вредност од 22.063 денари. Од претпријатија и други организации се добиени донации од 1005,5 литри масло за јадење, 3773,91 килограми друга храна, 350,45 килограми облека и 143,452 килограми средства за хигиена. Истовремено од домовите на домаќинствата се собрани 946,965 килограми храна, 1442.65 килограми облека и 10,35 килограми средства за хигиена. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 година, а на сметка на ова дадовме поголем приоритет на добивање и набавки на храна и хигиенски средства директно од маркетите и дистрибутерите, кои се од егзистенционално значење особено во овој период на криза. Во октомври успешно организиравме осум собирни пунктови на кои собиравме храна и средства за хигиена. | | |
| Активност 1.2 Складирање и дистрибуција на хуманитарна помош | При собирањето на донациите од домовите на граѓаните и од просториите на организациите се врши складирање и селекција на добиените материјални донации. Добиените и набавените материјални донации ги транспортираме до складот на нашето здружение каде тие се сортираат, класифицираат и препакуваат во кеси или пакети и на таков начин се подготвуваат за донирање на нашите крајни корисници. Во оваа работа учествуваат четири магационери од нашето здружение кои во периодот на спроведување на проектот имаа одработено вкупно 522 часа или 66 работни денови. | од 01.07 до 31.12.2020 година | Како дополнителна вредност напоменуваме дека ЗГ Љубезност во овој проект директно работно ангажира пет од бездомните и социјално загрозените лица кои покажуваат желба и способност за работа и на тој начин придонесува кон граѓански ангажман на нашите крајни корисници. Овие лица се ангажирани како магационери и како персонал за донирање на хуманитарна помош до крајните корисници. |
| Активност 1.3 Донирање на хуманитарна помош | Најмалку два пати во неделата - секој вторник и четврток, а понекогаш и почесто, ги посетуваме домовите на нашите корисници – социјално загрозените семејства и поединци. Имаме развиено база на податоци на наши крајни корисници од која ги одбираме семејствата кои ќе ги посетиме и претходно ги најавуваме посетите. Во комуникација со ЈУ МЦСР Скопје по нивна дојава одговараме на детектираните потреби од нивна страна и даваме поддршка во материјални донации на шелтер центрите во градот како што се „Чичино село“, „Ранка Милановиќ“, „Момин Поток“ и на кампот за бездомници во Визбегово. Дополнително, преку социјални медиуми и директни контакти се запознаваме со потребите и со адресите или локациите на нови крајни корисници на кои им е потребна нашата помош. При посетите на семејствата им се донираат материјални донации во храна, средства за хигиена, облека, обувки, постелнина, мебел и апарати за домаќинство. Во зависност од претходно евидентираните потреби на семејствата и поединците, имаме мобилен тим кој врши посети со претходно правење на маршрута на посети со цел оптимизација на трошоците за превоз. Најголемиот дел од материјалните донации кои ги даваме за поддршка на социјално загрозени семејства ги добиваме од сродни проекти | од 01.07 до 31.12.2020 година | 1.1. Донирана е хуманитарна помош на 692 бездомни и социјално загрозени семејства и на 100 поединци<br>1.2. Донирани се 5372,9 килограми храна<br>1.3. Донирани се 608,4 килограми средства за хигиена<br>1.4. Донирани се лекови во вредност од 30757 денари<br>1.5. Донирани се 1590,7 килограми облека<br>1.6. Донирани се 131,1 килограми постелнина<br>1.7. Донирани се 32 парчиња мебел<br>1.8. Донирани се 8 апарати за домаќинство<br>Како дополнителни вредности на овој проект, кои не беа наведени во проектната апликација, а кои подоцна беа реализирани ад хок и придонесуваат кон општата цел ги наведуваме плаќањето сметки за електрична енергија во вкупен износ од 559.121 денар на 76 социјално загрозени лица, донирањето 23 компјутери и 110 училишни прибори на деца кои живеат во сиромаштија за да можат непречено да следат онлајн настава и донирање 501 новогодишно пакетче на деца кои живеат во сиромаштија на крајот на декември. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | во соработка со Сунillенс, Жито Лукс, ЦМИкс, Интајлер Фимако, Витаминка, Ways2help и Град Скопје. За време на посетите се разговара со членовите на семејството, се детектираат проблемите и предизвиците со кои тие се соочуваат, се фотографира состојбата во која живеат и фотографиите се објавуваат на нашата Фејсбук страна „Вистински дела на љубезност – Real acts of kindness“. Имаме обезбедено дел од материјалните донации во храна и лекови на годишно ниво од пари добиени од компанијата Интајлер Фимако. Останатите донации ги добиваме тековно од граѓани и претпријатија кои нè контактираат кога се подготвени да дадат материјални донации кои ние два дена во седмицата ги собираме со сопствено возило од нивните домови или канцеларии и ги складираме во нашиот магацин. Потоа донациите се селектираат и организирано се носат до домовите на семејствата на кои им се потребни во тури кои опслужуваат 10 до 20 семејства дневно. Делењето донации го евидентираме со формулари за достава на донации и го фотографираме како доказ за донаторите да можат да утврдат дека нивните донации завршиле на вистинското место. | | |
| Активност 2.1 Психосоцијална поддршка | ЗГ Љубезност има тим од социјални работници кои им нудат лепеза од професионални услуги за психосоцијална поддршка на нашите клиенти. При посетите на социјално загрозени семејства во нашиот мобилен тим секогаш има и социјален работник кој им помага на членовите на семејствата, разговара со нив, прави детална социјална анамнеза на семејствата, дава психосоцијална поддршка, посредува при добивање документи, посредува при вработување и обезбедување права од социјални трансфери, помага при обезбедување медицинска помош и помош на жртви на семејно насилство на оние на кои им се потребни и одржува постојан контакт со семејствата. | од 01.07 до 31.12.2020 година | 2.1. Посетени се 792 семејства на кои им е дадена психосоцијална поддршка од нашите социјални работници<br>2.2. Направени се социјални анамнези на 159 нови семејства со 676 лица |
| Активност 2.2 Поддршка за вработување на нашите крајни корисници | За ЗГ Љубезност е многу важно нашите крајни корисници економски да се активираат и да станат самоодржливи, а не трајно да се потпираат на поддршката од институции и здруженија од областа на социјалната заштита. Единствен начин тие да излезат од кругот на сиромаштијата е со трајно вработување кое ќе им обезбеди постојан извор на приходи за достоинствен живот. Во услови на криза кога се зголемува бројот | од 01.07 до 31.12.2020 година | За резултатите 2.3 и 2.4 немаме да пријавиме напредок во нивното постигнување.<br>2.5. Изработени се 25 работни биографии и 2 мотивациски писма за нашите крајни корисници<br>2.6. Посредувано е при вработување на 45 крајни корисници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на невработени лица од суштинско значење е да им дадеме секаква помош за тие да се вработат. Затоа во периодот за известување дополнително ги интензивиравме и организиравме напорите да придонесеме кон вработување на нашите крајни корисници. Оствaривме контакти со повеќе претпријатија со кои соработуваме од порано, но и со нови за кои добивме информации дека имаат потреба од работници. Од нашиот регистар на бездомници и социјално загрозени лица ги одбравме оние за кои сметавме дека се доволно работно способни и имаат желба да се вработат. Ним во континуитет им изработуваме работни биографии, по потреба и мотивациски писма и во неколку наврати ги носевме на посети и на интервјуа за работа кај потенцијалните вработувачи. Оваа наша поддршка имаше променлив успех, шест лица за кои ние посредувавме досега се примени на работа, но сепак повеќето се одбиени или самите се откажале и затоа ќе продолжиме да вложуваме напори за нивно вработување во иднина. Онлајн обуките за зголемување на конкурентноста на пазарот на труд ги откажавме поради причини наведени во поглавје 4 од овој извештај. | | |
| Активност 2.3 Поддршка во отпочнување на домашен бизнис со земјоделство | Во услови на криза се јавува потреба од сопствено производство на храна како алтернатива на купувањето храна за задоволување на сопствените потреби. Според планираното, набавивме и им донираме семиња од градинарски зеленчук, зачински билки и садници на ранливите категории граѓани кои не можат да си дозволат да ги купат истите а имаат земјоделско земјиште, со кои тие би се вклучиле во самостојно производство на храна со можност и за продажба на вишокот од приносите и отпочнување на сопствен бизнис. На овие корисници им донирaвме и заштитни маски и ракавици. Дел од заштитните маски и ракавици им се поделени на семејствата заедно со садниците и семенските материјали, а друг дел им е поделен на бездомниците при делењето оброци кое редовно го вршиме секоја сабота. Притоа, пред самиот контакт и предавање на донациите односно оброците на корисниците им даваме да употребат и гел за дезинфекција кој е набавен од средствата од овој проект. | од 01.07 до 31.12.2020 година | 2.7. Донирани се 680 пакувања со семиња и 227 садници<br>2.8. Донирани се семиња и садници на 250 семејства<br>2.9. Донирани се 1100 заштитни маски и 1000 пара ракавици на бездомници и на социјално загрозени семејства.<br>2.10. Донирани им се заштитни маски и ракавици на 500 бездомници и на 250 социјално загрозени семејства |
| Активност 2.4 | Нашите вработени им даваат | од 01.07 | Имаме работено со тројца крајни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Обуки за управување со лични и семејни финансии | индивидуални обуки и практични совети на сите заинтересирани за тоа како да го рационализираат трошењето и како полесно да преживеат со ограничен семеен буџет. Вршиме менторство за управување со лични финансии, одредување на приоритети за трошење на средства, штедење, наоѓање дополнителни извори на приходи и краткорочно и долгорочно финансиско планирање. | до 31.12.2020 година | корисници, а имаме успешни резултати со еден од нив. |
| Активност 3.1 Реновирање и изградба на домови | Поголемиот дел од социјално загрозените семејства живеат во руинирани домови каде немаат основни услови за живот. Ние сме во комуникација со поединци и претпријатија за да им помогнеме на овие луѓе во реновирањето на нивните домови или во изградбата на нови. Овие зафати бараат големи финансиски средства и наоѓање на претпријатија кои би ги извршиле градежните работи или кои би донирале пари или градежни материјали, а еден дел трошоците ги покривме со средства од овој проект. Во периодот на спроведување на проектот набавивме градежни материјали во вредност од 130.258 денари и добивме учество од други хуманитарни организации и од изведувачи за изградба и реновирање на домови. Дел од градежните материјали набавени со средства од овој проект останаа неискористени но тие наскоро ќе се употребат за реновирање на домовите на други наши крајни корисници со кои сме во комуникација во времето кога е напишан овој извештај. | од 01.07 до 31.12.2020 година | 3.1. Реновирани се четири домови на крајни корисници<br>3.2. Обезбедени се донации за изградба на домови во Врапче и Пинтија во висина од 90 000 денари<br>3.3. Отпочнато е со изградба на дом на едно семејство |
| Активност 3.2 Вдомување во објекти под закуп | Проблемот со бездомништвото трајно може да се реши единствено со програми за вдомување, бидејќи оваа категорија на граѓани во никој случај не е во состојба самата да го реши. Дури откако станбеното прашање ќе им биде решено, тие ќе можат да продолжат со процесот на ресоцијализација во општеството и да размислуваат за вработување. Во периодот на спроведување на проектот посредувавме за вдомување на неколку бездомни лица во станбени објекти под закуп при што закупнината беше платена од буџетот на проектот и од други донатори. Успеавме да најдеме економичен станбен простор со ниски закупнини и поволни услови за живеење за неколку бездомни семејства и за бездомници – самци, за нив беа склучени договори за закуп со гаранција дека ЗГ Љубезност ќе ја плаќа закупнината и тие се вселија во станбените простории. Потоа нашите социјални работници | од 01.07 до 31.12.2020 година | 3.4. Во објекти под закуп платени од ЗГ Љубезност се вдомени 8 бездомни семејства со вкупно 20 члена. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | редовно ги посетуваа вдомените бездомници и вршеа мониторинг на нивното домување со цел тие да стекнат соодветни хигиенски, станбени и домаќински навики и да го променат начинот на живот на подобро. | | |
| 4. Комуникациски и информативни активности | Во групата на комуникациски и информативни активности во периодот за известување се фокусиравме на објави на социјални медиуми (во најголема мера на Фејсбук, а во помала мера и на Твитер и Инстаграм). Имаше и неколку објави и интервјуа на телевизија, веб портали и печатени медиуми. Информативните летоци и рол банерот беа дизајнирани и испечатени и соодветно употребени за информирање за опасноста од КОВИД-19 и за промоција на проектните активности. Нашите комуникациски цели кои се стремиме да ги реализираме се следните:<br>- Информирање на граѓаните за заштита од КОВИД-19. Преку повеќе канали на комуникација (директни контакти, печатен информативен материјал и социјални медиуми) ја информираме јавноста, а пред се нашите крајни корисници за опасностите од пандемијата на КОВИД-19 и за мерките и препораките на државните и здравствените институции за спречување на ширењето на оваа болест<br>- Промовирање на локално производство на храна на нашите крајни корисници.<br>- Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани<br>- Објави за видливост на проектните активности на Акцијата за помош и поддршка на бездомните и социјално загрозени граѓани во услови на криза со пандемијата на КОВИД 19 | од 01.07 до 31.12.2020 година | 4.1. Преку директни контакти со нашите социјални работници и волонтери за мерките и препораките за заштита од Ковид 19 се информирани 750 бездомници и 250 социјално загрозени семејства. Напишани се и десетина објави на нашата Фејсбук страна во кои се наведени мерките за заштита од ширењето на КОВИД 19 со максимален опфат од 1746 лица.<br>https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2688524878103823<br>https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2683736765249301<br>https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2714406068849037<br>4.2. Поделени се 1000 информативни летоци за мерките и препораките за заштита од Ковид 19<br>4.3. Во разни медиуми се објавени 7 статии за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат бездомните и социјално загрозените лица и начините на кое нашето здружение се обидува да ги реши. Дополнително, ние на Фејсбук, Инстаграм и Твитер имавме преку 70 објави на оваа тема. Објави за работата на Љубезност имаше и на Фејсбук страните на Претседателот на Републиката, на Општината Гази Баба и на неколку претпријатија<br>4.4. На Фејсбук страната на нашето здружение се објавени 84 статии поврзани со овој проект со максимален опфат од 41.222 посетители<br>4.5. Објавени се 12 спонзорирани објави на социјалните медиуми за видливост на нашите активности |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Поради летните одмори комуникацијата со нашите крајни корисници беше со намален интензитет и тоа го одложи почетокот на некои од проектните активности, на пример обуките за зголемување на конкурентноста на трудот. Поради тоа што располагавме со помал буџет од предвидениот но и поради почитување на безбедносните мерки поврзани со пандемијата од КОВИД-19, бевме принудени овие обуки да ги откажеме, и да не ги организираме во предвидената форма, туку во помал обем во состав на редовните посети на семејства во директен контакт со нив да им даваме индивидуални совети и

менторство за барање работа. Но сепак не се откажуваме од овие обуки и нив ќе ги одржиме по завршувањето на тековната пандемија од КОВИД-19.
Првиот квартал беше вон сезона за набавка на садници, кои ги има повеќе во доцна есен. Втора причина за садниците е што немавме можност соодветно да ги складираме за тие да бидат подготвени да се садат во доцна есен.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Настап во емисијата Тунел https://www.youtube.com/watch?v=J-1zXRL8yiY&ab_channel=TunelMTV |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Фејсбук страна на Љубезност: https://www.facebook.com/ljubeznost |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Акција за реновирање на домот на Денис Ибраими https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2842678519355124 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Настап на утринската програма на Алфа ТВ https://www.facebook.com/watch/?v=197138545405892 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Седмичен оброк за бездомници - сабота, 26.12. 2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2839816076308035 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства, вторник 22.12.2020 и поддршка во домашното производство на храна https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2836848143271495 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | https://www.instagram.com/p/CIP2rLqLKHe/ |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | https://www.instagram.com/p/CIP2rLqLKHe/ |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Плати сметка https://www.youtube.com/watch?v=CJPC36WCXgc |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Презентација на работата на Љубезност во 2020 година https://www.youtube.com/watch?v=eYLH8GcBPrQ |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | https://twitter.com/Ljubeznost/status/1349776597872730112 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | https://twitter.com/Ljubeznost/status/1342413289700126720 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и | | | https://twitter.com/Ljubeznost/status/1329038181208043525 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| социјално загрозените граѓани | | | |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | https://twitter.com/Ljubeznost/status/1314108268176908288 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Успешна акција на реновирање на тоалет во Тетовско https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2837226256567017 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства вторник 22.12.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2836818159941160 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Помош и поддршка за бездомниците и социјално загрозените семејства https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2831842087105434 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Реализација на донирање на дрва за огрев за самохрана мајка од Центар https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2836840553272254 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 21.12.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2835436693412640 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 16.12.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2834761330146843 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 09.12.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2827373124218997 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 08.12.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2827349540888022 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 04.12.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2825922297697413 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Соработка со гимназијата НОВА https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2824372211185755 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посетени 10 семејства 01.12.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2820393744916935 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 02.12.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2820375661585410 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Изградба / реновирање на домови https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2818744025081907 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Седмичен оброк за бездомници 28.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2818706015085708 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 24.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2815264942096482 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 25.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2815247702098206 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 24.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2815229175433392 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Седмичен оброк за бездомници 21.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2812941808995462 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посетени 10 семејства – 19.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2812877762335200 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посетени 27 семејства 17.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2810268565929453 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Шест години немаа греење, седеа покриени само со ќебе https://mms.mk/181178/%d1%88%d0%b5%d1%81%d1%82-%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b8-%d0%bd%d0%b5%d0%bc%d0%b0%d0%b0-%d0%b3%d1%80%d0%b5%d0%b5%d1%9a%d0%b5-%d1%81%d0%b5%d0%b4%d0%b5%d0%b0-%d0%bf%d0%be%d0%ba%d1%80%d0%b8%d0%b5/?fbclid=IwAR27pwtf4etN_2hYJkd9K98915uTuylbhqnH03wBn2obHIJFJYk1GYSj5fs |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Соработка со Интертек https://www.facebook.com/intertec.io/posts/3786173358082791 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Објава на Фејсбук страната на Претседателот Пендаровски за соработката со Љубезност и Проект Среќа https://www.facebook.com/SPendarovski/posts/4042373462442755 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Објава на Фејсбук страната на Макстил за поддршката дадена на Љубезност https://www.facebook.com/makstil.skopje/posts/206649737570554 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Сеопфатна поддршка за 11 годишниот Јован https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2806856839603959 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 11.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2803322226624087 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 10.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2803247053298271 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 09.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2803266176629692 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 05.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2799770290312614 |
| 4.3. Информирање за проблемите и предизвиците на бездомните и социјално загрозените граѓани | | | Репортажа на Слободен печат - Здружение Љубезност: Кризата ни беше поттик за повеќе да помагаме https://www.youtube.com/watch?fbclid=IwAR1tkG_mc5h6dUMKJb23OuvjJTy6IV37hm28OswG2xjszjWGYtZBNfoUm-w&v=nZ5Eh2hcWds&feature=youtu.be&ab_channel=%D0%A1%D0%BB%D0%BE%D0%B1%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%A2%D0%92%2FSlobodnaTV |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Посета на семејства 04.11.2020 https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2796859590603684 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Среда 04.11.2020 Донација на лекови https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2796833013939675 |
| 4.4. Објави за видливост на проектните активности на Фејсбук и веб страната на нашето здружение | | | Донирани кондиторски производи во дневниот центар „Деца на улица" https://www.facebook.com/ljubeznost/posts/2796809377275372 |
